Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-277/9
03.02 2025 год.

Врз основа на член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019), член 75 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463/2019), како и член 120 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018), Деканатската управа на својата VII редовна седница одржана на ден 29.I 2025 година, донесе

# ОДЛУКА
## за определување службено лице за посредување со информации

**Член 1**

Василка Наумоска, Секретар на Филозофскиот факултет во Скопје, се определува за службено лице за посредување со информации при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Филозофскиот факултет во Скопје, како имател на информации.

**Член 2**

Службеното лице за посредување со информации контактира и ги дава потребните информации со кои располага Филозофскиот факултет во Скопје согласно листата на информации и им помага на барателите на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давање на информациите, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, друг закон и актите на Факултетот.

**Член 3**

Постапката по барањето за пристап до информации кај имателот на информациите ја спроведува службеното лице за посредување со информации при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Деканот и вработените лица кои ги имаат бараните информации се должни да соработуваат со службеното лице за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Со донесувањето на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за определување службено лице за посредување со информации арх.бр.02-2743/19 од 29.12.2017 и 02-1846/12 од 20.09.2021 година.

**Член 5**

Одлуката да се достави до: декан, продекани, Одделението за општи и правни работи, Одделение за човечки ресурси и настава, Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење, архивата и да се истакне на веб страната на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофски факултет
Проф. д-р Оливер Бакрески

Изработил: Ана Иванова